**20252104132**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ТОВАРЕН ТРАНСПОРТ (eFTI) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се формира Национално координативно тело за воведување на електронски информациски систем за товарен транспорт (eFTI) во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Национално координативно тело).

Член 2

Националното координативно тело се формира со цел дигитализација на товарниот транспорт во Република Северна Македонија и подобрување на услугите поврзани со транспортот во насока на поддршка на дигиталната трансформација за развој на интероперабилни товарни коридори, како и размена на информации на Република Северна Македонија со останатите земји потписнички на Договорот за основање на Транспортната заедница и земјите членки на Европската унија, воведување на електронскиот информатички систем за товарен транспорт (eFTI) преку имплементација на Регулативата (ЕУ) 2020/1056 на Европскиот парламент и на Советот од 15 јули 2020 година за електронски информации за товарен транспорт (во натамошниот текст: Регулативата).

Член 3

Задачи на Националното координативно тело се:

1. Утврдување на областите во националното законодавство предмет на усогласување со одредбите на Регулативата;
2. Усогласување на меѓуресорските постапки за прием, обработка и размена на електронски информации за превоз на стоки;
3. Координација на развојот и интеграцијата на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) и системи за примена на eFTI и
4. Следење на спроведувањето на активностите поврзани со имплементацијата на Регулативата и редовно известување за истото до Владата на Република Северна Македонија.

Член 4

Националното координативно тело е составено од координатор и 13 членови и тоа:

- Министерот за транспорт, национален координатор;
- Министерот за финансии, член;
- Министерот за дигитална трансформација, член;
- Министерот за внатрешни работи, член;
- Министерот за економија и труд, член;

- Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, член;
- Министерот за здравство, член;
- Министерот за животна средина и просторно планирање, член;
- Директорот на Царинската управа, член;
- Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, член;
- Директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, член;
- Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, член;
- Директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје, член и
- Директорот на Дирекција за радијациона сигурност, член.

На состаноците на Националното координативно тело, по потреба може да присуствуваат и претставници од други релевантни органи на државната управа, од стопанските комори, од здруженија, невладини организации, како и од ИКТ компаниите (информатичко комуникациско технолошки компании).

Со Националното координативно тело претседава министерот за транспорт.

Националното координативно тело се состанува четири пати годишно, а по потреба и повеќе.

Член 5

Стручно-административните работи на Националното координативно тело ги врши Министерството за транспорт.

Член 6

За својата работа Националното координативно тело донесува план за работа на првиот состанок.

Член 7

Националното координативно тело доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија на квартално ниво.

Националното координативно тело и предлага на Владата на Република Северна Македонија План за дигитализација на товарниот транспорт во Република Северна Македонија, со кој ќе се утврдат приоритетите, субјектите, активностите и роковите за реализација на утврдените активности, најдоцна во рок од 60 дена од денот на одржувањето на првиот состанок на Националното координативно тело.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5757/18
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.